**КИРМ**
КОМОРА НА ИЗВРШИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 68 од Законот за извршување ( "Службен весник на Република Македонија" бр.35/05, 50/06, 129/06, 8/08, 83/09, 50/10, 83/10, 88/10,171/10 и 148/2011), в.в со член 19 од Правилникот за работа на Стручниот совет на КИРМ, Управниот одбор на Комората на извршители на Република Македонија, по повод утврдените предлог-мислења на седница на Стручен совет на КИРМ од 28.04.2014 година, на сто и втората седница одржана на ден 16.05.2014 година, го усвои следното

КОМОРА НА ИЗВРШИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Бр. 1086-2
19.05 201 4 год.
СКОПЈЕ

## ПРАВНО МИСЛЕЊЕ

Доколку со пресуда на кривичен суд обвинетиот е прогласен за виновен и му е изречена крвична санкција која му се заменува со условна осуда чие извршување се одложува под услов да обвинетиот во определен рок кој го определил судот да го плати оштетното побарување, а истиот во рокот кој го определил судот доброволно не го плати досуденото оштетно побарување, ваквата пресуда со диспозитив со кој се одлучува за оштетното побарување иако има клаузула на извршност, не може да се извршува од страна на извршител од причина што истата нема престација ( задолжување ) за плаќање на оштетното побарување на оштетениот.

Во делот на трошоците во кривичните пресуди во чија изрека има задолжение обвинетиот да плати судски паушал во тој дел извршителите треба да постапуваат по пресудата откако истата ќе стане правосилна и извршна.

Доколку во диспозитивот има и задолжување за плаќање на трошоци за кривичната постапка надлежен за извршување во тој дел е Управата за извршување на санкции.

Стручниот совет предлага Комората на извршители на РМ да се обрати со допис до судовите во кој ќе им укаже дека при изрекувањето на условна осуда која е условена со плаќање на оштетно побарување како услов за одлагање на извршувањето на санкцијата – двоен услов за активирање на условната осуда, извршителите не можат да постапуваат односно да ја извршат кривичната пресуда во делот за оштетното побарување затоа што нема задолжение-престација за тој дел од изреката на пресудата со кој се наложува на обвинетиот да во определен рок по правосилноста на пресудата го плати оштетното побарување на оштетениот.

Претседател на Управен одбор
на Комора на извршители,
Гордан Станковиќ

Бул. „ Илинден " бр. 60/2-2 Скопје
Тел: 02 3225 674 Факс: 02 3239 877
e-mail: izvrsitelinarm@yahoo.com